# *НОВО УТРО*

## ПОЕМА

## НИКОДИН ЧЕРНОДРИМСКИ

08

Ако и воопшто се израдував
на денешната светлина
тоа за миг исЧезна
исЧезна како што исЧезна
надеЖта од ОЧиве
повторно исто
темна патека која сега
ме донесе до понорот
еве не гледам во темнинава
и покрај обилната  светлина околу
но сепак од длабоЧините на бездната
го Чуствував смрадот на демоните
кој како пијавици се лепат на воздухов
и  се впиваат во мозокот како мисли Чудни
некоја визија дава
исполнета со оган и прав
а како подршка и роморот е тука некаде
од кој и сеприсутноста  трепери
крештав и пискав глас низ ушите минува
и
ја пробива мембраната
но болката ја нема никаде
Чудно
се е тука Чудно и нестварно
напати како немир во душата ќе се јави
напати како оЧај ќе се простри
напати како безнадеЖност ќе помине
се така во разни облици
само Чекор до безната
која нема крај
која нема дно
која води во веЧната проклетија
од каде Што малкумина нашле излез
но многумина ја нашле вратата за влез
толку голема
толку широка
што катадневно како магнет
многумина ги влеЧи
до самиот влез
а таму
над самата врата
натпис
само еден збор
од многумина неразбран
од многумина несватен
од многумина погрешно проЧитан

стои со големи букви
малку потемнети
но доволно јасни за читање
ВЕРБА
верба која те запира на прагот
од проклетијата
ВЕРБА
која доколку не ја разбереш те тера
тука
на самиот понор
повторно
можеби за последен пат
да ја завртиш главата
назад
кон сите патеки кои те довеле довде
да ја завртиш главата
назад
и повторно
и повторно
и повторно
ги погледнеш сите патеки

овде на самиот понор
времето нема вредност
овде на самиот понор
времето не врви
и тоа застанува
застанува и се нарекува
последна шанса
шанса која можеби
можеби повторно
некоја патека ќе ја осветли
ВРЕМЕТО
спасителот вечен на човекот
ВРЕМЕТО
уништувачот вечен на човекот
тука се едно
те исто е
последна шанса и ништо друго
ако некаде околу
бледоста ја наречеш светлина
тогаш чекорот итаница ќе ти се стори
и повторно
назад ќе те врати
назад во безнадежната маса од луѓе
како надежен случај
ако
на дилемата и сомнежот и го додадеш
сомнежот и во бледилото
тогаш
наместо фанфари и труби

наместо поЧести
како флуид силен ќе те повлеЧе
во понорот ќе те фрли
и назад нема
нема од веЧната проклетија
каде има само еден
пад без крај
уЖаз што досега
во книга Човекова не е напишан
понорот
ќе те доЧека со пад страшен
и тресок силен
зидовите негови
лигави и оштри
само удари по телото ќе створаат
и рани незатворени ќе бликнат
исполнети со смрдлив гној
и неЧиста крв
крикот од грло
а сега ќе излезе
но сила темна ќе го стегни
и постраШен ќе го направи
но тоа е само влезот на понорот

подолу
етеги младите демони
Жедни за месо ЧовеЧко
кинат од сите страни
а тие како кинат
гледај сега на истото место
повторно месо се створа
но болка е тоа
кога го кинат
но болка е тоа
кога се создава
кинат неуморно
знаат дека тука го нема времето
знаат и перверзно се смеат
танцови Чудни и несватливи играат
ритуали прават
и повоторно
кога Жедта ќе им се јави
ненаситно се нафрлаат
на месото ЧовеЧко
не им смета крвта неЧиста
не им смета гнојот гнасен
туку сласт им прави
немаш време за мисла една да створиш
немаш време за крик да пуштиш
додека минала едната болка
етеја другата

се надоврзува
незнаеш
дали ден минал
незнаеш
дали недела минала
незнаеш
дали и векот пролетал

падот е уште пострашен
мислиш на цврсто тло си
мислиш дека сепак земја Чуствуваш
не не е тоа радост
туку еден миг е
миг кој ти дава можност сила да собереш
во темнина
густа црна и леплива
не гледаш никого
мирно и тивко
евего сега сомнежот
величенствено со своите орди
во виугите на мозокот се вгнездува
дали сепак е крај
или почеток на уште нешто
и кога мислиш дека сепак е крај
дожд од ситни оштри камчиња се истура
неможиш ни движење да направиш
само удар по удар Чекаш
и повторно тишина проклета
и повторно сомнежот
триумфално маршира насекаде низ виугите
дека сепак е крај ова или ново нешто
удари од камшици створени
којзнае од што те стигаат
на сите страни ги има
не гледаш кој ги држи
не гледаж кој ги управува
само ударите ги Чуствуваш еден по еден
летаат на сите страни од телото
неможеш да се одбраниш
посакуваш барем главата да јазаштитиш
но рацете откажуваат послушност
или и тие се преморени
или и ним ги управува сега сомнежот
немаш време да ги броиш ударите
но имаш време да вриштиш
овде криковите летаат од грлото
и кога камшиците ќе прекинат
повторно тишина проклета
само во главата смеата одвратна што одекнува
се смее сомнежот
што ете и тој на кратко царувал со тебе

откако ќе се задоволи
ќе ги задоволи своите страсти
се повлекува тивко и незабележано
оставајќите на тишината
а тогаш во таа тишина
сваќаш дека не си сам
од ситестрани одекнуваат
врисоци и лелеци
некаде блиску
го чуствуваш
но не го гледаш
завиткан е во сопствената темнина
 моли за прошка
а како одговор
нови удари со којзнае што
и смеење одвратно и понижувачко.....
само за миг
кога камшикот не ја пара темнината
ете некој тивко шепнува
толку беше од нас
и ова е крајот
тишина и молк
нема удари и темнината
сега попуштила со густината
некој силуети се назираат
тоа е навистина крајот
и
уште мислата не си дофатил доволно
добро и цврсто
громогласен и одвратен лик
пред тебе бликнува од никаде
час е голем колку една планина
час е мал колку едно зрнце песок
но доволно силен
со смеата своја
да те отфрли далеку
толку далеку
или подобро кажано
толку подлабоко во бездната
што паѓањето е брзо и вртоглаво
со брзина светлосна
знаеш само дека овде
времето го нема
та затоа не знаеш
кога започна новиот пад
а кога
заврши или можеби уште трае

Но етети
некој или некои
те дочекува на мекост да паднеш

и само со поглед да видиш
како канонада од плуканици
и разни гнасотилаци ЧовеЧки
на тебе се истураат
ги бришеш прво со рацете
прво споро
потоа побрзо
и се побрзо
и се побрзо
и се изморуваш
папсано седнуваш клекнуваш
стануваш
одиш напред
се враќаш назад
а плуканиците се тука
доЖ пороен
ги оставаш на тебе сега
ги има насекаде по телото
не ти смета смрдеата нивна
не ти смета гнасотилоста нивна
ни па скрамата
што покасно се фаќа
рамнодушно
со поглед туп одиш
и ти
стануваш плукаЧ гнасен
кога пред тебе ќе  се створи
некој со поглед изгубен
и збунет
ги напињаш градите и грлото
збиракиго
и последниот грам шлајм
што ете некогаш ти се налепил
да сега го ифрлиш
што подобро
звукот  одвратен е само пропратен
на церемонијата плукаЧка
кога ќе се измориш од плукаЊето
тогаш поЧнуваш
со новите гнасотилаци
немаш веќе срам
или Чуство на вина
напротив
некоја годрост ти се јавила
што ете тоа го правиш

потоа со целата рамнодуЖност
која те исполнила
правиш еден мал Чекор
кој ете те лаЖи дека си подалеку
подалеку од уЖасот изминат

и дека си го правел нештото
бидејки си морал
спасот како од никаде доаѓа
како дрво осмено
кое се ствара пред тебе
немаш време д мислиш од каде дојде
во бескараој темен тука сега гледаш
светлост една
и во светлост дрвото
те мами волшебно под крошната своја
а ти омаен иташ
иташ иташ неуморно
иташ незапирливо
и со секој твој Чекор
тоа е повоторно Чекор подалеку
од тебе
стравот грЧеви во стомакот ти прави
од немоќта твоја
папсано седнуваш
не гледаш на што
и дрвото милост прави
до тебе иди со крошна ширна
птиците појки во хор викаат
од гранките многубројни
беднику,беднику смртен
отворија душата своја
и во исповед ја стори
ти наивен еден
сега за твои добри дела зборуваш
а хорот во еден глас вика
тоа го знаеме
тоа го знаеме
што лошотилак си сторил
што гнасотија си оставил
ти повторно наивен
вентилот на душата своја го отвараш
што ете кришно си го Чувал
и темнинана ја вадиш
темнината на душата своја
збор по збор
долго долго зборуваш
со тишината околна
која во уво големо се сторила
немаш солзи
а на плаЧ ти иде
бликаат зборовите бликаат
се до крајот
кога тишината ладна станала
и молкот претеЖок
неизвесност морниЧава те прегрнала
и напнатост до болен грЧ

појките од видик ги снема
само гласот нивни
на заминување го слушаш
сега е ваш
сега е ваш
ваш
ваш засекогаш
вЧудоневидено гледаш слушаш
и повторно како некогаш Чуствуваш
Чуствуваш дека стравот повторно се вратил
стравот од неизвесноста во проклетата темнина
која одеднаш станува повторно густа
и ладна
морниЧава
Чуствуваш како многупати
вилиците играат
играат една игра неконтролирана
гласовите одекнуваат сега наоколу
одекнуваат и во главата
одекнуваат правеќија мозоЧната хемисвера
Жешка и неподнослива
правеќиго мозоЧниот простор тесен
за сите тие крештави гласови
кои во еден оркестриран хор викаат
зарем не го свати зборот
зарем не го разбра зборот
зарем не го виде блеокот кој
како искра пролета пред твоите оЧи
ти слепецу
се сомневаше во треперот на искрата
ти беднику
не ја покривај главата со рацете
и во темнинава те гледаме
и во темнинава те следиме
зарем не сфати
ти оЧајнику
дека самиот ја создаде оваа темнина
дека самиот ја хранеше оваа темнина
дека самиот ја градеше оваа темнина
не оЧајувај сега
попусто е се
залудно е се
сега кога си тука
сега кога си со нас
со сопствените демони
зарем не разбра дека ти не создаде
дека ти не Чуваше гриЖливо
дека ти не хранеше обилно
дека ти не Чуваше од светлоста
не оЧајувај
солзи нема да ти дадеме

лелек нема да ти пуштиме
ајде сега
барем припремисе  за следниот удар
знаеш
ќе биде страотен
не го грчи телото
ќе ти се распарчи на делчиња
ајде припремисе
наближуваме до крајот
но не е крај
приближно до крајот
ние твоите демони
те напуштаме засекогаш
си одиме на друго место
а тебе
те оставаме со тресокот
ако го издржиш
и ние не знаеме потоа
потоа што ќе биде
одеднадеш гласовите ги снемува
тишината зацарува
темнината се згуснува
темна темна
со нож кога би имал
би можел да ја сечеш
зацарува со шумолот
во ушите се вовлекува
молк
тишина
неизвесност
и тресок силен
и болка неодредена
и глас громогласен
пропратен со грмотевица
ДОБРЕДОЈДЕ ВО ПРОКЛЕТИЈАТА
и молк
тишина
и неизвесност
и молк
тишина
и неизвесност
и молк
тишина
и неизвесност
и молк.........................

и сега кога знаеш
и кога вејќе ти е јасно дека тука
овде
во темнината

во проклетијата
времето нема вредност
незнаеш сега колку изминало
дали само еден миг
дали еден ден
дали веќе и векот изминал
а тишината
и темнината те дели
прво на половина
потоа на поситни
поситни
се до најитните делови
те дели и распарЧува
полека и сигурно
немаш болка
имаш само апатија
апатија која делува како анестезик
и ти ти го приспило Чуството за болка
и каде да се завртиш
се едно исто та исто
и каде да пуштиш рака
се едно исто
празнотија
исполнета со темнина
густа
апатијатијата
те тера веќе да затвориш оЧи
а и да ги дрЖиш отворени
сеисто тие
полека и тишината
ти ја зголемува апатијата
веќе Чуствуваш
како и последниот атом
од твојата сила
ти ја откаЖува послушноста
се препушташ
на ништотијата
да те носи каде сака
да прави со тебе што сака
не ја гледаш никаде
но сепак ја Чуствуваш
реката на ништавилото
како полека
прво неЖно те подзема
со своите Чиниш неЖни раце
се додека не те прегрне
и те стави сигурно во своите прегратки
а потоа
откако ќе те фтурне
во врлогот
те удира немолосрдно

од сите страни
не остава ни едно место
на твоето тело
недопрено
не знаеш веќе ни кога запоЧнала
не знаеш ни кога ќе заврши
таа теЧе неуморно
и те носи во мрак густ
каде веќе и болката нема знаЧење
каде и Чуствата се веќе отупено
само знаеш
дека се уште постоиш
во ништавилото.

Пловиш
но не така безгриЖно
незнаеш од кога
незнаеш до кога
одвреме навреме
Чуствуваш како текот запира
и слушаш гласови неЖни
кои раскаЖуваат за минато време
кое било убаво
а потоа силна одвратна смеа
која сега повторно ти ја враќа
болката во ушите
силна и неподнослива
и повторно тишина
и тек
и повторно некаде запира
и спомени оЖивува
колку се поубави
колку се исполнети повеќе
и повеќе со смеа и радост
толку болката во ушите е поголема
те носи
се до еден момен
кога го гледаш пред себе
сопствениот пекол
сега како одеднадеш
да се изгуби ништавилото
пекол кој е исполнет
со стварни мисли
висат насекаде
низ бескрајните ходници
од камења разни
оштри  небаре сеЧила се
висат
и со пискав глас викаат
Ослободине
Ослободине ти проклетнику

*Ослободине*
*ти неразумно суштество*
*ослободине веќе еднаш*
*ти си нашиот творец*
*ти си нашиот создател*
*не создаде*
*во твојот мал ум*
*но немаше никогаш храброст*
*да ете не реализираш*
*ослободине сега барем*
*тука*
*да станеме твоја реалност*
*зарем сеуште и тука*
*ти е присутен тој страв*
*зарем сеуште се плашиш од себеси*
*погледни наоколу*
*погледни и неплашисе*
*ние сме твои*
*ние сме ти*
*ти другиот тие*
*ти што упорно порекнуваше дека не си ти*
*погледниме*
*се јавува некоја*
*погледниме добро*
*знам грда сум одвратна*
*непријатна и за гледање*
*но се сеќаваш ли*
*ти ме создаде онаа ноќ*
*ноќ кога беше сам*
*во темената соба*
*стуткан во аголот седеше*
*но и тогаш немаше солзи да заплаЧеш*
*а сакаше*
*сакаше од дното на твојата душа*
*и со шепот на мало дете*
*ја проколнуваше судбината*
*и тогаш во тој миг*
*ме создаде мене*
*посака*
*јас бев тука во твојот ум*
*но ненајде храброст*
*да ме направиш стварност*
*се исплаши и ти од мене*
*и ме фрли тука*
*во оваа дупка каде само Чмаам*
*бидеќи сум празна мисла*
*Чмаам во твојот пекол*
*и јас*
*како и многу други кој ете ти*
*не создаваше*
*сега Чмаеме*

и сега кога дојде
нема да ти посакаме добредојде
туку повторно бараме
да не ослободиш
да не пуштиш да Живееме
ајде не се плаши
дајни некој грам
од твојата енергија
и вратине во Живот
вратине
и ќе ги разбиеме твоите илузии
кои така љубоморно ги гаеше
дека
да те води стравот
е голема храброст
вратине во Живот
ние сме твојот страв
и сега навистина ќе те направиме храбар
Чекориш понатаму
не сакаш да ја слушаш оваа мисла
Чекориш
но друга етеја погромогласна
повторно ти навлегла во некоја виуга
повторно сака гнездо да свие
успеала да се одлепи од зидот
и сега викот со ехо прави
одзвонува
и ги надвикува сите други
кои сега замолкнаа одеднадеш

Се сеќаваш ли на мене
ме створи во ден еден
кој за тебе беше таЖен
многу таЖен
тогаш само да те потсетам
ја отвори оваа врата
срамеЖливо
но доволно уверливо
беЖе таЖен што те повредија
те повредија многумина
а ти им веруваше
слепо
одеше по нивните патеки
со слепата верба
која на крај те однесе во ќор сокак
и тогаш
додека клеЧеше во аголот
стуткан како во мајЧина утроба
посака да и  возвратиш
Жестоко
толку Жестоко

што би те паметеле и нивните
идни три генерации
евеме
те Чекав
и знаев дека ќе дојдеш
ајде сега нахраниме
нахраниме со твојта енергија
и онака ја имаш повеќе од потребно
ми треба само атом
а јас ќе те однесам кон врвот
врвот за кој секогаш теЖнееш
но се плашеше да тргнеш кон него
го гледаше секојдневно
и само восхите му праќаше
знај
ќе има патеки тесни
ќе има ѕверови на ледините
ќе има многу бури
орлите ќе посакаат
во гнездото нивно да не стават
соколите оЧи да ни испијат
змиите со отров да не наколкаат
но јас
стравот во пазуви ќе го Чувам
цврсто ќе го стегнам
водилка ќе ти бидам
денонокно
и неуморно
ајде разбудисе веќе еднаш
разбудисе и отвориги оЧите
та ова е само кошмар
Но знаеш дека мисла
во оЧај еден си ја створил
та добро нема да носи
не ја слушаш  повеќе
не сакаш да ја слушаш
ни не  ни било која
а тогаш
сила за тебе непозната те вовлекува
те влеЧи со брзина светлосна
во вртлог еден
каде светлост нема
само тоЧки Чудни
и одвреме навреме пламени јазици кон тебе
итаат да те фтасаат
итаат да ти посакаат добредојде
незнаеш
колку долго те влеЧи вртлогот
и каде
да викаш бесцелно е
гласовите кои допираат до тебе

како жагор се
на некое место ромор громогласен
напати врисоци страотни ќе слушнеш
та затоа твојот глас
овде само во ехо празно ќе се стори
не се сеќаваш веќе
кога вртлогот те подзел со себе
само ударот што го чуствуваш
ти кажува дека сепак има крај
не е страотен
но е удар
и светлост жолтеникава
етеја пред тебе се распостила
само еден чекор правиш
и светлоста е се појака
уште еден чекор
и светлоста сега е заслепувачка
застануваш и чекаш
а светлоста се намалува
но гласови сега околу тебе
сега во хор викаат
Добредојде Господару
добредојде во сопственото царство
погледнуваш
а не веруваш на тоа што го гледаш
црви
купишта црви
некои мали
некои големи
само еден стои на страна и молчи
голем колку тебе
сите повторно во хор викаат
Зарем не не препознаваш
ние сме ти
ние сме твоја творевина
ти не создаде
во виугите нежни гдезда ни свиваше
а кога мисла една ќе ти пролеташе
не отфрлаше така бесчуствително
зарем не не препознаваш
секој ден ствараше по некој
големиот стои и молчи
молчи и со очи чудни те гледа
чуствуваш во часот
како и глас ти иде
А кој си то Што само молк си зграбил
тој повторно само молчи
погледот го смирил
Зошто ли молк си одбрал
та нели си од хорот твој историоден
и тогаш

хорот во молк се претвора
и глас слушаш
но некако познат тие
Та нели ме препознаваш Беднику
Та јас сум Ти
Ти и никој друг
Та јас сум твојот сомнеЖ
СомнеЖот што го носеше одамна
зарем не се сеќаваш
зарем не паметиш низ какви голготи ме носеше
зарем не се сеќаваш
како секојдневно обилно ме хранеше
зарем не се сеќаваш
низ какви бури одевме
здруЖно
бевме нераздвојни секојдневно
и сонот го делевме заедно
денонокиа беа тоа
зарем слепецу
зарем не гледаше како ти изградив патека
патека широка
толку широка
што со трк стигна овде
Да да
немој сега Чудење на лице да ставаш
Јас сум твојот сомнеЖ
сопствениот сомнеЖ
се сомневаше во себеси
се плашеше да го направиш првиот Чекор
Чекор кој ќе те однесеше
ете на многу светли патеки
но ти
ти се сомневаше постојано
и сега
сега кога ќе ти ја отворам ширно вратата
вратата на оЧајот
немој да ме проколнуваш
немој
немој таму
во тоа ширно царство да молиш
залудно е
бесцелно
попустое
таму
само премаленоста ќе  ти ја подарат
папсаноста кр ти ја распостелат
погледот знај ќе ти го вкоЧанат
а вапај од грло ќе сакаш да пуштиш
знај нема да ти даде
билките посреЌни од тебе Ќе бидат
Мисла само една ќе ти лета

како Чекор напред да направиш
време
време ќе ти треба
а тоа овде го нема
а сега збогум
збогум од мене ти велам
само оди право
знаеш назад не можеш
оди
и поглед не врти
знаеш тука само празнотија ќе најдеш
оди
одииииииии
Слушаш како за миг гласот се стишал
светлост се гасне
и повторно бледило едно
тишина и ништавилот повторно
сега моќно станува
не сакаш од место да мрднеш
не сакаш
но сила те тера
те турка кон напред
и сама Чекорите ти ги носи
Час во итаница ти ги прави
Час во спорост етеги
немоќно се предаваш
оставаш на слуЧајноста која овде не постои
да го направи своето
одиш одиш
се до оној момент додека малаксано и папсано не паднеш
пред бледоста која е до тебе
седнуваш на она што се нарекува земја
а не е
седнува бледоста до тебе
и во некоја Чудна креатура се претвора
од Час во Час ја менува формата
та не можеш да ја одредиш вистински
само незаинтересирано ја гледаш
а и сеедно ти е што е тоа
нешто налик рака преку рамо Чуствуваш
како нежно се простира

Евене
сега и гласот и го слушаш
евене повторно заедно
не ме познаваш
ајде само сетисе колкупати другарувавме
ајде
или не сакаш да се сетиш
колкупати вака си седел
колкупати вака во празно си гледај

и мислите ретки кои ти доаѓаа ги мразеше
да да ги мразеше и тоа вистински
ја чуствував омразата толку добро
што можев тогаш да господарам со тебе целосно
зарем сега ќе кажеш дека не ме познаваш
или повторно да те потсетам
Апатија
Мелахонија
Незаинтересираност
Депресија
и уште какви ли не зборови измислија за мене
и какви ли не изрази кажааа за мене
та мене ми е сеедно
јас сум јас
јас и не доаѓав не само кај тебе своеволно
вие со своите тупи погеди ме наоѓавте
вие со своите затворени мозоце ме каневте
и ширум портите ми ги отваараавте
вие само вие
вие самите и никој друг
јас само правев
она што вие сакавте
а го сакавте
некој малку
негој долго
та и ти сега кога повторно дојде кај мене
не тагувај за она што изминало
тоа тие минат миг
кој и да сакаш неможиш
ни ти ни било кој да го врати
сега кога сме заедно
сега кога можеме да станеме едно те исто
да патуваме во чудесните и мрачни царства
царства што ги создава умот
тие се прекрасни и толку мрачни
исполнети со разноразни креатури
креатури што можи само човековиот ум да ги створи
да храни
да ги одржува секојдневно во живот
ајде дојди
дојди ќе те понесам веднаш
но можиш и да ме одбиеш
но знај само едно
следниот твој чекор
овде
ќе биде погрозоморен
немора да ми одговориш
доколку несакаш
само завртиго погледот некаде на друго место
за мене е тоа доволен знак дека бараш излез

Етеја дилемата повторно
повторно ти простира непозната и чудна патека
но сега тука и гласот можиш да си го слушниш
и само одговор пушташ
кој повеќе на вапај личи
НЕ БЛАГОДАРАМ

Тлото етего дрхти
под нозете ти подигрува
час посилно час поспори
те носи
час лево час десно
незнаеш на која страна да одиш
и само стаписано на место стоиш
чекаќи да се сурне нешто врз тебе
но некоја рака ли е канца ли е те зграбува
и во шуплина те вовлекува
негледаш ништо
само стисокот го чуствуваш
и болката на рацете
те влечи со сила невидена
а ветерот тука исплонет со ладнотија невидена
во лице сурово те шиба
те влечи непрекинато
и долго долго
се до оној миг кога ветерот се смирува
но ладнотијата не заминува
грубо на ладен мрамор те седнува
и како виновник те гледа
сега некој лик нејасен гледаш
и канонада од обвиненија слушаш
Ти
Ти си виновен што сум тука
бев створена како мисла чиста
неизвалкана
полна со љубов
дојдов кај тебе како желба една
ти ти ја посака таа желба
беше голема
беше благородна
беше убава
и јас со мојата чистота
и јас со мојата љубов живот и дадов
живеев долго
долго во твојата глава
одев постојано од вијуга до вијуга
барав место згодно за седало да свиам
но ти ти со својот постојан страв
со твојата нерешителност
со твојата колебливост ме уништи
така ладно ме отфрли

и на крајот празна Желба ме нареЧе
кукавиЧи на стравот ме предаде
кој така радосно ме подзеде
и овде во оваа ладнотија ме смести
ми го подари мразот мој придруЖник веЧен да биди
ми го исклеса тронот во мраморот
и сега гледаш ти седиш  на него
сега ликот јасно го гледаш мој
зарем не
ме препознаваш
се сеќаваш
не се труди овде солза да пуштиш
дозволено тие
но залудно е
ќе се замрзне уште во око
та како мрзулец ќе падне
немој
немој оправдување да бараш
залудно е и бесцелно
сепак те отргнав од Живата кал
во кој што требаше да паднеш
и тогаш ти немаше спас
и тогаш веЧноста ќе беше твоја
сега јас ќе те пуштам
страотна цена ќе платам
но оди кон излезот
оди
ќе имаш уште неколку искушенија
но сега оди
не го врти погледот назад
шти и да се случи не се врти
што и да слушнеш не се врти
само оди
и на други не им раскаЖувај
нема да ти веруваат
сега оди
зошто се уште гледам
во еден мал дел од твоето срце
Живее вербата
затоа оди
малкумина успеале од тука да заминат
биди и ти од тие малкумина
затоа оди

Сега гледаш како пред тебе карпа црна
пукнатина една создава
која за миг покасно веќе во отвор станала
врата ќе да е
моЖеш простум да одиш
ете веќе и глаови од една страна слушаш
кои милозвуЧно те молат

*Остани Остани тука*
*остани нема да се покаеш*
*та и онака си изгубен*
*знаеш дека повторно во лавиринт ќе те вратат*
*знаеш дека повторно кон понор ќе те завлеЧат*
*смрадот во здувот не моЖат да го скријат*
*и колку да се прекрасни*
*неЖни раце Чуствуваш*
*како во милување го претвораат*
*и повторно те мамат*
*за Чекор во итаница не сториш*
*но знаеш дека илузија е тоа*
*италш*
*и со полседниот грам на сила*
*што ете скриен некаде бил*
*италш*
*а гласови во викот сега се*
*а раце во маваница се*
*италш*
*и несакаш поглед на страна да пуштиш*
*не што страв тие*
*што знаеш дека повторно измамен ќе бидеш*
*момен само еден*
*и пад повторен*
*раце неЧии те стегнале за нозе*
*небаре пранги стогодишни се*
*на гради тегобија ти легнала*
*небаре ала вековна заспала*
*здивот немоЖеш да го собереш*
*повторно гледаш како мрак круг еден прави*
*обраЧи свои стега*
*но искра евеја повторно од око блика*
*а уста шепот пушта*
*БОЖЕ ПРОСТИМИ*
*и гледај*
*повторно околу тебе*
*светлина блеснала*
*целиот скршен*
*преморен но со нова сила*
*тргнуваш кон*
*Ново Утро*

ЗА АВТОРОТ



Никодин Чернодримски род 1964 год во прегратките на древниот Марков Град Прилеп,уште од мали нозе кога го осознава животот започнува нестрпливо и само во негов својствен стил да ги истражува тајните на тој мистичен град,каде ехото на минатото постојано му шепотело и со секоја направена стапалка на тие стари но цврсти стени му вдахнувала сила но инспирација да започне да ги опишува,да ги опејува,и да ги овековечи тие убавини во бројните подоцнежни песни кој една по една се прават во стихозбирки.И покрај благодетот кој му го подарил животот,сепак немирниот дух на Чернодримски неможе да се скраси на едно место,после завргувањето на средното училиште,го напушта градот и заминува низ Македонија,каде престојува во повеќе места кратко,но сите тие кратки престојувалишта Чернодримски ги доживува на свој начин,начин кој не е секојдневен и обичен,да на крај со доаѓањето во Скопје,за само некој миг ја смири својата немирна душа и се скраси на едно место,кога веќе го започнува својот живот во Скопје Чернодримски ја запознава својата животна сопатничка Јана,неговата денонокна муза која со своето присуство му го исполнува секој празен миг во денот и го инспирира да твори.како плод на таа долгогодишна љубов се раѓаат сега неговите две деца Кристијан и Викторија.

Во текот на својот живот Чернодримски творел,твори и ќе твори се додека во него има и најмала сила ,и како резултат од тоа творештво се создале следниве дела.

СТИХОЗБИРКИ

1.Арнаутска Жетва-стихозбирка посветена на паднатите Полицајци кај селото Араќиново 2000 год.
2.Астра-стихозбирка посветена на неговата сопруга Јана
3.Балканска Рапсодија
4.Дневникот на еден сонувач

5.Крилати Сни
6.Месечеви Сонети
7.Мој Роде
8.Мозаик од Мигови
9.На Спилите им Раскажувам
10.Осамени монолози
11.Пагански Стихови
12.Пелин Вода
13.По Патеките на Орфеј
14.Шепотот на Скриениот Дамар
15.Трагач по Илузии
16.Заборавени Спомени
17.Прилепско Ехо

ПОЕМИ

1.Ангелски Шепотења-посвете на загинатите полицајци кај селото Арачиново 2000 год
2.Браќа по Мрак-посветена на Десете илјади ослепени војници на Самоил
3.Десете Балкански Проклетства-поема посветена на Македонецот во Македонија
4.Катадневно Тркало
5.Монолог со Паметникот
6.Ново Утро

ЗБИРКА РАСКАЗИ

1.Бразда
2.Од Сонот до Јавето
3.Затворени Кругови
4.Приказни од малиот сокак

РОМАНИ

1.Кара Севда
2.Тајната на Нормандови
3.Првиот Ангел
4.Приказна која не требало да биде раскажана никогаш

ДРАМА

1.И сега шо

МОНОДРАМА

1.Ало диоген на Линија

creative commons

# Attribution-NonCommercial-ShareAlike 3.0 Unported

## You are free:

- to Share - to copy, distribute and transmit the work
- to Remix - to adapt the work

## Under the following conditions:

- Attribution. You must attribute the work in the manner specified by the author or licensor (but not in any way that suggests that they endorse you or your use of the work).
- Noncommercial. You may not use this work for commercial purposes.
- Share Alike. If you alter, transform, or build upon this work, you may distribute the resulting work only under the same or similar license to this one.
- For any reuse or distribution, you must make clear to others the license terms of this work. The best way to do this is with a link to this web page.
- Any of the above conditions can be waived if you get permission from the copyright holder.
- Nothing in this license impairs or restricts the author's moral rights.

The document was created by CC PDF Converter